С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 1 година XLIII

15 февруари 2007

1.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за применување на Генералниот урбанистички план езеро Младост -Велес како урбанистички план вон населено место и урбанистички документации за населени места како урбанистички планови за села

Се објавува Одлуката за применување на Генералниот урбанистички план езеро „Младост“-Велес како урбанистички план вон населено место и урбанистички документации за населени места како урбанистички планови за села, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/1
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 78 став 2 и 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за применување на Генералниот урбанистички план езеро Младост - Велес како урбанистички план вон населено место и урбанистички документации за населени места како урбанистички планови за села

Член 1

Генералниот урбанистички план езеро Младост - Велес донесен со Одлука од Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 6/02) ќе се применува како Урбанистички план вон населено место езеро Младост - Велес.

Член 2

Урбанистичката документација за населено место Отовица донесена со Одлука од Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 4/98 и 4/00) ќе се применува како Урбанистички план за село Отовица Велес.

Член 3

Урбанистичката документација за населено место Караслари донесена од Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.8/02) ќе се применува како Урбанистички план за село Караслари Велес

Член 4

Урбанистичка документација за населено место Оризари донесена од Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.1/05) ќе се применува како Урбанистички план за село Оризари Велес

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/4
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

2.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање на финансиска поддршка на Дневниот центар за социјална инклузија на воспитно запуштени деца

Се објавува Одлуката за давање на финансиска поддршка на Дневниот центар за социјална инклузија на воспитно запуштени деца, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/2
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање на финансиска поддршка на Дневен центар за социјална инклузија на воспитно запуштени деца

Член 1

Со оваа Одлука се дава финансиска поддршка на Дневниот центар за социјална инклузија на воспитно запуштени деца (во понатамошниот текст: Дневен центар).

Член 2

Дневниот центар е проект на ЗГ „Нова“ од Скопје, избран како приоритет на Фондот за социјални инвестиции - Проектот за развој на општините, поддржан од Министерство за финансии и Светска банка , а согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2006 година.

Финансиската поддршка на проектот Дневен центар за социјална инклузија на воспитно запуштени деца од страна на Светска банка заврши заклучно со 31.12.2006 година.

Техничката и канцелариската опрема на Дневниот центар по завршување на проектот е сопственост на Општина Велес.

Член 3

Во интерес на корисниците на Дневниот центар Советот на Општина Велес ја презема финансиската поддршка до крајот на учебната 2006/07 година, со можност за повторно активирање во почетокот на следната учебна година.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да склучи Договор со давателот на услуги на Дневниот центар во износ од 56.000 денари месечно или вкупно 280.000 денари.

Средствата потребни за непречено работење на Дневниот центар ќе се трансферираат на с-ка на ОЈУЗД Детска градинка „Димче Мирчев“ по доставена фактура.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/5
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

3.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/3
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука на Здружението на граѓани-Клуб на лекувани алкохоличари „Светлина“ од Велес му се дава на времено користење просторија во објект што се наоѓа на КП 6645 на ул. „Тодор Јанев“, заведен на ИЛ бр.25069 за КО Велес, сопственост на Општина Велес.

Член 2

Здружението на граѓани-Клуб на лекувани алкохоличари „Светлина“ од Велес, просторијата во објектот утврден во член 1 на оваа Одлука ќе ја користи за извршување на своите тековни активности.

Член 3

Објектот од КП 6645 го користи урбаната заедница „9-ти Ноември“.

Начинот на користење на просторијата во објектот(денот, часот и другите услови) ЗГ„Светлина“ Велес и Урбаната заедница 9-ти Ноември ќе го регулираат со посебен договор.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-700/6
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с,р.

4.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбана единица 1, езеро Младост - Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбана единица 1, Езеро Младост - Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/5
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ“ бр.51/05) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.02.2007 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбана единица 1, Езеро Младост Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на измена и дополнување на урбанистички план вон населено место Урбана единица 1 Езеро Младост Општина Велес.

Документацијата за донесување на урбанистички план вон населено место е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Правилник за стандарди и нормативи за планирање на просторот и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се донесува измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбана единица 1 Езеро Младост Општина Велесе, со површина на урбано подрачје од 5,78 ха.

Во докумантационата основа и во планираниот развој опфатен е еден урбан блок, а просторот е дефиниран како класа А1-семејно домување во станбени куќи, класа А4-времено сместување, класа Б1-мали комерцијално-деловни единици, класа Д3-спорт и рекреација и сообраќајни површини.

Границата на урбаниот опфат е дефинирана во графичкиот прилог на планот.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбана единица 1 езеро Младост Општина Велес

-Извештај од стручната консултација и јавната анкета за измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбана единица 1 блок 1 езеро Младост, Општина Велес

-Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје бр.19-849 од 13.02.2007 година;

Член 4

Измената и дополнувањето на Урбанистички план вон населено место Урбана единица 1 езеро Младост, Општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден во Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи Подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 5

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 6

Измената и дополнувањето на Урбанистичкиот план вон населено место Урбана единица 1 Езеро Младост Општина Велес ја спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-700/8
14.02.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р,

5.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/6
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.02.2007 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на измена и допола на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес

Документацијата за донесување на детален урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05), Правилник за стандарди и нормативи за планирање на просторот и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Службен весник на РМ“ бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се донесува измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес е со површина на урбано подрачје од 1,45 ха.

Во документационата основа и во планираниот развој опфатен е еден урбан модул, а просторот е дефиниран семејно домување во семејни куќи и трафостаница.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

Границата на урбаното подрачје започнува, од северната страна, од пресекот помеѓу улицата “Јордан Џинот” и “Браќа Капчеви” и оди кон југ по улицата “Браќа Капчеви” се до пресекот со улицата “Коле Цветков” од каде што продолжува кон југ по истата улица во должина од околу 125 м. Од каде што свртува кон запад и оди по по целата должина на тесната патека (КП 9495/2) се до пресекот со реката Вардар. Од тука свртува кон север и оди узводно по реката Вардар се до пресекот со Стариот мост од каде што свртува кон исток и оди се до пресекот на улицата “Браќа Капчеви” и “Ордан Џинот” од каде што започна.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е:

-Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес.

-Извештај од стручната консултација и јавната анкета за измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес

-Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје бр.18-22740 од 23.01.2007 година;

Член 4

Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 5

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 6

Измената и дополната на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес ја спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-700/8
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р,

6.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/7
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр. 127/06), член 36 став 1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06).

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.4/05) во член 1, став 1 по алинеја 5 се додава нова „алинеја 6“ која гласи:

„- максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто-такси превоз на патници“.

Член 2

Во член 2 во табеларниот приказ на такси станиците,текстот со реден „број 20“ се брише, а редниот „број 21“ станува „број 20“.

Член 3

Во член 9 текстот во став 2 се брише и се заменува со:

„На предните бочни врати на возилото се истакнува налепница со димензии 200х200 мм, изработена од ретрорефлектирачка фолија со бела основа и натпис кој го содржи: зборот „TAXI“, грбот на Општина Велес и бројот на изводот од лиценцата на такси превозникот. Натписот е изработен во црна боја“.

Член 4

Во член 11 во став 1 по зборот „лиценца“ се додаваат зборовите „и извод од лиценцата за секое возило“.

Во став 2 по зборот „лиценца“ се додаваат зборовите „и извод од лиценцата за секое возило“, а „бројот 4“ се заменува со „бројот 1“.

Во став 4 по зборот „возилото“ се додаваат зборовите „да го има оригиналниот извод од лиценцата“, а зборовите „на видно место да истакне заверен препис од лиценцата“ се бришат.

Член 5

По член 11 се додава нов член 11-а кој гласи:

„Член 11-а

Бројот на такси возила на територијата на Општина Велес, со кој може да се врши авто-такси превоз се ограничува на 250 возила“.

Член 6

Во членот 15 зборовите „од 9 месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука“ се бришат и за заменуваат со „до 01.08.2007 година“.

Член 7

Оваа одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 0701-700/10
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

7.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/8
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за условите,начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес

1.Советот на Општина Велес го усвои Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/11
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр. 127/06), член 36 став 1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.4/05) во член 1 по зборот „лиценца“ се додаваат зборовите „и извод од лиценцата за секое возило“.

Член 2

Во член 2 став 1 по зборот „лиценца“ се додаваат зборовите „и извод од лиценцата за секое возило“.

Во истиот член, текстот од „алинеа 1“ се брише и се заменува со:

„-Превозникот да е впишан во Централниот регистер и да има регистрирано претежна дејност: вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај“.

Понатаму „ алинеа 7“ се брише, а во „алинеа 10“ зборовите „ознака такси и бројот од регистерот на такси превозниците“ се заменуваат со зборовите „налепници за означување на авто-такси возило“.

Член 3

Во член 3 став 2 „алинеа 5 и 8“ се бришат.

Член 4

Во член 4 после став 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„Барање за продолжување на лиценцата и изводот од лиценцата, превозникот го поднесува до Градоначалникот на Општина Велес најдоцна 30 дена пред истекот на лиценцата“.

„Покрај барањето за продолжување на лиценцата превозникот е должен да ги исполнува условите пропишани со членот 3 од овој Правилник и приложи потврда за платен данок на дејност.“

Член 5

Овој Правилник влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 0701-700/11
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

8.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правлникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правлникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/9
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на обележувањето,опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес

1. Советот на Општина Велес го усвои Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/12
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр. 127/06), член 36 став 1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02. 2007 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за измена и дополнување на Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес

Член 1

Во Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.4/05) во член 8 зборовите „6 месеци“ се заменуваат со зборовите „една година“, после зборот „однапред“ се става точка, а понатамошниот текст до крајот на реченицата се брише.

Член 2

Овој Правилник влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 0701-700/12
14.02.2007 година
Велес

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р

9.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година..

Број 0801-726/10
15.02.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/13
14.02.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 год.,донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2007 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита („Службен гласник на Општина Велес“ бр.22/06),

се вршат следните измени во табеларниот преглед:

Во глава I „Активности

“- во позицијата под реден број 1 „Дневен центар за социјална инклузија на воспитно запуштени деца“, во колоната предвидени средства од Министерството за труд и социјална политика износот „450.000“ се брише, во колона Предвидени средства од Општина Велес износот „0“ се заменува со износот 280.000“, а износот вкупно „690.000“ се заменува со „520.000“.

- во позиција под реден број 2 „Народна кујна“

- во колоната предвидени средства од Министерството за труд и социјална политика износот „0“ се заменува со износот „ 450.000“; во колона Предвидени средства од Општина Велес износот „480.000“ се заменува со износот 200.000“,а износот вкупно „480000“ се заменува со „650.000“.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/13
14.02.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

10.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на План за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Планот за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/14
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на План за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за 2007

1. Советот на Општина Велес го усвои Планот за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/14
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

11.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за чистење на јавно прометни површини за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за чистење на јавно прометни површини за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/12
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за чистење на јавно-прометните површини за 2007 година

1. Се усвојува Програмата за чистење на јавно-прометните површини за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/15
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

12.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/13
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 12 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2007 година

1.Се усвојува Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/16
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

13.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за запирање од објавување на Одлуката за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес

Се објавува Решението за запирање од објавување на Одлуката за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес бр.0701-700/7, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/4
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 51 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 27, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл. гласник на Општина Велес бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 15.02.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за запирање од објавување на Одлука за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес

Се запира од објавување - Одлуката за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес бр.0701-700/4, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0801-728/1
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

14.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за разрешување и именување на член на Комисија за општествени дејности

Се објавува Решението за разрешување и именување на член на Комисија за општествени дејности, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/14
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 32, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 23, став 2, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.02.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на член на Комисија за општествени дејности

1.Од член на Комисијата за општествени дејности се разрешува Флорентина Ристевска Шурбевска- член на Советот на Општина Велес.

2. За член на Комисијата за општествени дејности се именува:

- Марина Мијајлевска - член на Советот на Општина Велес

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/17
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

15.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучокот за утврдување на Нацрт-одлука за давање намена на објекти

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-одлуката за давање намена на објекти, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.02.2007 година.

Број 0801-726/15
15.02.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-одлука за давање намена на објекти

1. Се утврдува Нацрт-одлуката за давање намена на објекти.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-700/18
14.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Бр на акт **Страница**

1	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за применување на Генералниот урбанистички план езеро Младост -Велес како урбанистички план вон населено место и урбанистички документации за населени места како урбанистички планови за села**	1
	О Д Л У К А за применување на Генералниот урбанистички план езеро Младост - Велес како урбанистички план вон населено место и урбанистички документации за населени места како урбанистички планови за села	
2	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за давање на финансиска поддршка на Дневниот центар за социјална инклузија на воспитно запуштени деца**	2
	О Д Л У К А за давање на финансиска поддршка на Дневен центар за социјална инклузија на воспитно запуштени деца	
3	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес**	3
	О Д Л У К А за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес	
4	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбана единица 1,езеро Младост - Општина Велес**	3
	О Д Л У К А за донесување на измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбана единица 1, Езеро Младост Општина Велес	
5	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес**	
	О Д Л У К А за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Централно градско подрачје локалитет В - Велес	
6	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес**	6
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес	
7	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес**	7

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за условите,начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес

П Р А В И Л Н И К за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес

8 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правлникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес** **8**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на обележувањето,опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес

П Р А В И Л Н И К за измена и дополнување на Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес

9 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година** **9**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2007 година

10 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на План за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за 2007 година** **10**

З А К Л У Ч О К за усвојување на План за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за 2007

11 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за чистење на јавно прометни површини за 2007 година** **10**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за чистење на јавно-прометните површини за 2007 година

12 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2007 година** **11**

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2007 година

13 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за запирање од објавување на Одлуката за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес** **11**

Р Е Ш Е Н И Е за запирање од објавување на Одлука за давање согласност за користење на дел од паркинг простор во ООУ „Блаже Конески“ Велес

14 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за разрешување и именување на член на Комисија за општествени дејности** **12**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член на Комисија за општествени дејности

15 **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучокот за утврдување на Нацрт-одлука за давање намена на објекти** **12**

З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-одлука за давање намена на објекти

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00